РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ПРЕДЛОГ- ЗАКОН

## ЗА ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2011 ГОДИНА

Скопје, мај 2010 година

## В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија претставува најзначајна и најмасовна статистичка операција, која традиционално се спроведува во одреден временски период.

Вообичаено е пописите да се спроведува на секои 10 години, и тоа во годините кои завршуваат на 0 или единици.

Последниот Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија беше спроведен во 2002 година врз основа на одредбите од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2001 година („Службен весник на РМ„ бр. 16/01), кој беше донесен за реализација на оваа цел.

Во изминатиот период Попис на населението во Република Македонија (вкупно осум), е спроведуван во 1948, 1953, 1961, 1971, 1981, 1991, 1994 и 2002.

Во согласност со одредбите од Законот за државната статистика („Службен весник на РМ„ бр. 54/97 и 21/07) и Петгодишната програма за стастички истражувања 2008 – 2012 („Службен весник на РМ„ бр. 11/2008),

Државниот завод за статистика, во април 2011 година треба да го спроведе деветтиот по ред Попис на населението, на територијата на Република Македонија.

Пописот на населението, домаќинствата и становите претставува вкупен процес на прибирање, обработка, анализа и десеминација на податоци за населението, домаќинствата и становите во една земја во одредено време.

Пописот е значаен и од аспект на спроведување на Резолуцијата 2005/13 на Економскиот и Социјалниот Совет на ОН (ECOSOC),усвоена во јули 2005 година и врз чија основа се изработени Меѓународните препораки за пописите на населението и домувањето (ОН/ЕЦЕ/ЕУРОСТАТ)[1] околу 2010 година, според која Советот ги повикува земјите членки на ОН да спроведат попис на население, домаќинства и станови и да ги дистрибуираат пописните резултати – како основен извор на информации за национално, регионално и меѓународно планирање и развој како и доставување на пописните резултати за потребите на домашните корисници, ОН, ЕУРОСТАТ и други меѓународни организации за да помогнат во проучувањето на прашањата и програмите за населението, околината и социо-економскиот развој.

Главните цели на Препораките на ОН/ЕЦЕ/ЕУРОСТАТ за пописи на население и станови кои би се спровеле околу 2010 година се, да се обезбеди заедничка методолошка основа и помош на земјите во планирањето и спроведувањето на пописите за население, домаќинства и станови и да се

---

1 Економска комисија за Европа на ОН и Статистичка институција на Европската унија

овозможи споредливост на податоците преку користење на единствени дефиниции и класификациите, а препораките ќе се користат како генерална рамка за Пописната програма на Европската унија за пописите на население и станови околу 2010 година.

Спроведувањето на севкупните активности за подготовка и спроведување на пописот во Република Македонија, бара долготрајни подготовки, со цел да се елиминираат можни ризици и грешки што би имале влијание на квалитетот на податоците од пописот.

Со цел да се обезбеди квалитетно спроведување на планираниот попис во изминатиот период, Државниот завод за статистика реализира низа активности кои се во функција на подготовка за спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во 2011 година.

Државниот завод за статистика во фазата на подготовка за спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во 2011 година:

- ги преведе „Препораките за пописите на населението и домувањето ОН/ЕЦЕ/ЕУРОСТАТ во ЕЦЕ Регионот околу 2010 година„,

- на почетокот на 2008 година отпочнаа поинтензивни активности околу планирањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во 2011 година и подготовка на методолошките материјали и инструменти за спроведување на Пробниот попис 2009 година,

- изврши презентации на теми за престојниот Попис 2011 година со домашни корисници и институции,

- дел од стручниот кадар ги усоврши своите знаења и го презентираше искуството на Државниот завод за статистика на повеќе работилници,

- спроведен е Пробен попис на населението, домаќинствата и становите – мај 2009 година во 20 случајно избрани пописни кругови во три пописни реони (Скопскиот, Полошкиот и Источниот), во 12 општини: Ѓорче Петров, Центар, Чаир, Аеродром, Бутел, Сарај, Зелениково, Илинден, Тетово, Теарце, Брвеница и Штип, при што соодветно е почитувана застапеноста на градски и селски подрачја, како и мултиетничкиот состав на населението.

Прибирањето на податоците на теренот при пробниот попис е вршен со примена на традиционалниот метод на попишување по пат на интервју на печатени обрасци.

Попишувањето на населението се спроведе на службен македонски јазик и на неговото кирилско писмо. Во општините каде што попишувањето се спроведува на службен јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на

Република Македонија, попишувањето се спроведе на тој јазик и писмо, како и дополнително на македонскиот јазик и на неговото кирилско писмо.

Пробниот попис беше солидна основа и темелна подготовка за изготвување на Предлог закон за Пописот на населението, домаќинствата и становите во 2011 година, врз чија основа ќе се спроведе планираниот попис, а добиените податоци ќе бидат правно релевантни, прифатени и општо признаени од сите чинители, вклучително и меѓународните институции преку прибирање на унифицирани податоци.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛАТА И ОСНОВНИТЕ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Законот чие донесување се предлага, се заснова на следните начела:

- транспарентност на процедурите и постапките во реализацијата на Пописот,
- неутралност и објективност во сите фази на Пописот,
- стручна независност на Државниот завод за статистика и користење на научни основи во методолошкиот пристап и подготовката на резултатите и
- доверливост и заштита на индивидуалните податоци од Пописот.

Со Пописот на населението, домаќинствата и становите во 2011 година треба да се обезбеди сеопфатност на пописните единици, истовременост на пописот во точно дефиниран период, а добиените податоци да се однесуваат на ист дефиниран критичен момент.

При ова се води сметка да се запази принципот на индивидуално попишување во пописните единици со единствена примена на единствени дефиниции и класификации на единиците и нивните обележја, како и на единствена обработка на податоците.

Податоците што се прибираат со пописот, претставуваат доверливи податоци и се користат само за статистички цели.

## III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите во 2011 година чие донесување се предлага, има финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија за тековната година, за годината во која што ќе се спроведува, како и за годината по пописот, за обработка, средување и печатење на податоци од Пописот.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Со Законот чие донесување се предлага се предвидуваат средства во износ од 850.000.000 денари, кои што треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија, од кои во 2010 година 170 (милиони денари), во 2011 година 595 (милиони денари) и 85 (милиони денари) во 2012 година.

# ПРЕДЛОГ – ЗАКОН
# ЗА ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2011 ГОДИНА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија 2011 година (во натамошниот текст: Пописот), единиците кои се опфаќаат со Пописот, пописните реони, надлежните органи за организација и спроведување на Пописот, пописното истражување и нивните надлежности, стручните тела и други учесници во спроведувањето на Пописот, употребата на јазиците во Пописот, начинот на извршување на Пописот, користењето, чувањето и заштитата на податоците од Пописот, обработката и објавувањето на податоците од Пописот, информирање на населението за целите и значењето на Пописот и неговото финансирање.

Член 2

(1) Збирните податоци, добиени од податоците со Пописот, ќе се користат:

- за макроекономски планирања;
- за научни и други истражувања; и
- за статистички цели.

(2) Индивидуалните податоци од Пописот може да се користат за водење и ажурирање на статистичките регистри кои се во надлежност на Државниот завод за статистика.

Член 3

Личните податоци добиени со Пописот претставуваат доверливи податоци и подлежат на заштита во согласност со одредбите на овој закон, Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија", бр. 12/94 и бр. 07/05) и Законот за државната статистика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97 и бр. 21/07).

Член 4

(1) Пописот во Република Македонија ќе се спроведе од 1 април до 15 април 2011 година.

(2) Попописното истражување за статистичка контрола на опфатот и квалитетот на податоците од Пописот (во натамошниот текст: попописните истражување) ќе се спроведе од 16 април до 22 април 2011 година.

(3) Пописот и попописното истражување ќе се спроведат според состојбата на 31 март 2011 година во 24.00 часот (критичен момент на Пописот).

Член 5

Одделни поими што се употребуваат во овој закон го имаат следното значење:

1. “Место на вообичаено живеење” е географско место, каде што лицето кое се попишува вообичаено живее; тоа може да биде исто или различно од местото каде што лицето фактички се наоѓа во времето на Пописот; или тоа може да биде неговото официјално место на живеење. Место на вообичаено живеење се смета местото каде што лицето поминува најголем дел од својот дневен, односно ноќен одмор.

2. Под “официјално место на живеење во Република Македонија”, се смета местото во кое лицето живее во согласност со прописите на Република Македонија.

3. “Вкупно население на Република Македонија” ќе се смета населението попишано врз основа на член 6, точките 1, 2, 3, 4 , односно лицата со место на вообичаено живеење во Република Македонија и лицата од точката 5 со одобрен престој во Република Македонија една година и повеќе во согласност со концептот на место на вообичаено живеење и документите наведени во член 38 на овој закон.

4. Под “домаќинство” се смета секоја семејна или друга заедница на лица што ќе изјават дека заедно живеат и заеднички ги трошат своите приходи за намирување на основните животни потреби (домување, исхрана и други), без оглед дали сите членови постојано се наоѓаат во местото каде што е населено домаќинството или некои од нив престојуваат определено време во друго населено место, односно странска држава, заради работа, школување или од други причини.

Под “самечко домаќинство” се смета и секое лице кое во местото на Пописот живее само, и кое нема свое домаќинство во друго место. Самечкото домаќинство може да живее во посебен или делив стан, или како самец - потстанар или во хотел за самци и слично, но тоа, без оглед дали живее во иста

соба со друг самец или со членови на домаќинство - станодавец, самостојно ги троши своите приходи.

Под “колективно домаќинство” се смета домаќинство составено од лица што живеат во установи за трајно згрижување на деца и возрасни, во манастири и во болници за сместување на неизлечиви болни.

5. “Стан”е градежно поврзана целина наменета за живеење, без оглед на тоа дали станот во моментот на Пописот се користи: само за живеење; за живеење и вршење дејност; само за вршење дејност; за одмор и рекреација или се работи за ненаселен, а градежно исправен стан.

Станот се состои од една или повеќе соби, со или без помошни простории (кујна, шпајз, претсобје, бања, тоалет и слично) и треба да има посебен пристап од улица или директно преку двор, терен или преку заеднички простор од зградата, (скали, пасаж, галерија итн.), а може да има еден или повеќе влезови.

6. Под „друга населена просторија„ се подразбира населена просторија или објект, кој не е наменет за живеење и не претставува стан во смисла на дефиницијата за стан од точка 5 на овој член, но во време на Пописот се користи за живеење.

7. Под “пописен реон” се подразбира дел од територијата на Република Македонија, определена за организација и спроведување на Пописот, составена од една или повеќе општини врз основа на критериумите утврдени во член 12 од овој закон.

8. Под “пописен круг” се подразбира дел од територијата на Република Македонија формиран за потребите на Пописот и зависно од утврдените критериуми во “Упатството за ревизија на границите на просторните единици за Пописот на населението, домаќинствата и становите 2011”, кој опфаќа најчесто од 50 до 100 домаќинства.

## II. ЕДИНИЦИ КОИ ЌЕ БИДАТ ОПФАТЕНИ СО ПОПИСОТ

Член 6

Со Пописот ќе бидат опфатени:

1. Лица што имаат место на вообичаено живеење во Република Македонија, без оглед дали во моментот на Пописот се наоѓаат во местото на живеење или во друго место во Република Македонија

2. Лица што имаат одобрение за престој во Република Македонија и се привремено присутни во Република Македонија најмалку 12 месеци (една

година), но со место на вообичаено живеење надвор од Република Македонија, со исклучок на лицата од точките 5-а,5-б и 5-в на овој член.

3. Лица што имаат место на вообичаено живеење во Република Македонија, а во времето на Пописот, но најдолго до 12 месеци (една година) пред неговото спроведување, се наоѓаат на работа во странство, како и членовите на нивните домаќинства.

4. Лица што имаат место на вообичаено живеење во Република Македонија, а кои во времето на Пописот се на работа во дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, Обединетите нации и нејзините организации, претставништва или претставници на Стопанската комора во странство, деловните единици во странство, воени претставници на Армијата на Република Македонија во странство и граѓаните кои се ангажирани врз основа на меѓународна, техничка и друга соработка, школување, како и членовите на домаќинствата кои со наведените лица привремено престојуваат во странство.

5. Покрај лицата од точките 1 до 4 на овој член, со Пописот ќе се опфатат и следниве лица:

а) странци со признат статус на бегалци, кои во време на Пописот ќе се најдат во Република Македонија;

б) странци со признато право на супсидијарна заштита, кои во време на Пописот ќе се најдат во Република Македонија;

в) странци со поднесено барање за азил, кои во време на Пописот ќе се најдат во Република Македонија; и

г) другите лица кои во време на Пописот ќе се најдат на територијата на Република Македонија, освен лицата од точките 5-а, 5-б и 5-в на овој член и член 7 на овој закон.

6. Домаќинствата на лицата единици на Пописот.

7. Колективните домаќинства (составени од лица што живеат во установи за трајно згрижување на деца и возрасни, во манастири и во болници за сместување на неизлечиви болни и сл.).

8. Становите и другите населени простории, освен становите наведени во членот 8 на овој закон.

Член 7

Со Пописот нема да бидат опфатени:

- дипломатскиот персонал на странските дипломатски и конзуларни претставништва во Република Македонија и членовите на нивните семејства;

- странскиот воен персонал и членовите на нивните семејства, лоцирани во Република Македонија, како и членовите и претставниците на меѓународните организации и заедници кои во моментот на Пописот престојуваат во Република Македонија и

- странските државјани кои во времето на Пописот се наоѓаат во Република Македонија заради службен пат, приватна посета, лекување, екскурзија, туристички и слични патувања.

Член 8

Со Пописот нема да бидат опфатени:

- и становите на дипломатско - конзуларните претставници на странски земји,

- и становите во сопственост на странски држави.

Член 9

За лицата што ќе бидат опфатени со Пописот ќе се внесат следниве податоци:

1. Идентификациони податоци за лицето :

- име, презиме и име на еден од родителите;
- пол, датум на раѓање и единствен матичен број на граѓанинот;
- адреса на која лицето вообичаено живее за време на Пописот;
- официјално место на живеење; и
- местото на живеење една до пет години пред Пописот.

2. Податоци за присутност - отсутност:

- причината за отсутност од местото на живеење, односно за присутност во местото на Пописот;
- за отсутните во странство, назив на државата во која престојуваат и времетраење на престојот во странство и
- за граѓаните на други држави, присутни во Република Македонија, назив на државата од која доаѓаат и времетраење на престојот во Република Македонија.

3. Државјанство.

4. Географски податоци:

- населено место, општина и држава на раѓање;
- место на постојано живеење на мајката (населено место, општина и држава ) во времето кога лицето е родено;

- за доселените лица, населено место и општина од која лицето се доселило во местото на живеење и година на доселувањето, а за лицата доселени од странство, година на доселувањето во Република Македонија и државата од која се доселиле; и

- за лицата кои работат или посетуваат училиште, школа или факултет надвор од местото на живеење: назив на населеното место и општината во која лицата работат или посетуваат училиште, школа или факултет , и зачестеноста на враќање во местото на живеење.

5. Брачна состојба и рожба (фертилитет):

- брачна состојба; и
- за лицата од женски пол, бројот на живородени деца

6. Етнички карактеристики:

- национална припадност;
- мајчин јазик; и
- вероисповед

7. Образовни карактеристики:

- завршено образование, основно, средно, вишо, високо и назив на училиштето, школата или факултетот ;
- дали лицето посетува училиште, школа или факултет;
- дали лицето е писмено; и
- дали лицето има познавање за работа со компјутер.

8. Економски карактеристики:

- за лица што работат: занимање, економски статус, главна дејност, целосно име и сопственост на деловниот субјект, одработени часови во главната дејност;
- за лицата што извршуваат и дополнителна активност : во која дејност работат и дали е редовна, привремена, сезонска или случајна; и
- за невработените лица: причината поради која не се вработени и дали бараат работа;

9. Средства за живеење:

- главни извори на средства за живеење,
- за издржуваните лица и за нивниот издржувател.

10. Инвалидитет и функционална способност на лицето во извршувањето на секојдневни обврски: дома/ на работа/ на училиште.

Член 10

Со Пописот за домаќинствата ќе се внесат следниве податоци:

- име и презиме на лицето на кое се води домаќинството, членовите на домаќинството и другите лица што живеат во домаќинството во моментот на

Пописот, односот на членовите на домаќинството кон лицето на кое се води домаќинството;

- назив на местото, улица и број на зградата и станот во кој тие лица живеат;
- по кој основ домаќинството го користи станот;
- на кој начин домаќинството го загрева станот;
- на кој начин домаќинството се снабдува со вода за пиење;
- кој вид на енергија во домаќинството се користи за греење;
- број на автомобили со кои располага домаќинството;
- дали домаќинството располага со паркинг простор или гаража;
- дали домаќинството располага со персонален компјутер;
- дали домаќинството има пристап до интернет, и
- дали домаќинството има земјоделско стопанство.

Член 11

Со Пописот за становите ќе се внесат податоци:

- за користење на станот;
- за видот на сопственоста на станот;
- бројот на соби во станот и површината на станот;
- бројот на соби во станот и површината на просторот за вршење на дејност (доколку во станот се врши дејност);
- дали станот е опремен со кујна и нејзината површина;
- дали станот е опремен со бања и тоалет (во станот или надвор од него);
- дали станот е опремен со инсталации: за водовод, за канализација и за електрична енергија и дали има климатизација;
- на кој кат се наоѓа станот;
- видот на зградата во која се наоѓа станот;
- година на изградба на зградата;
- катност на зградата;
- материјал од кој е изграден носивиот систем на зградата;
- пристапност до зградата

## III. ПОПИСНИ РЕОНИ

Член 12

За организационите потреби на Пописот, се определуваат 44 пописни реони и нивни седишта, врз основа на следниве критериуми:

- бројот на населението во општините според Пописот на населението, домаќинствата и становите 2002 година (во натамошниот текст : Пописот 2002) и
- комуникациските врски меѓу општините.

| Пописен реон | Седиште | Општини кои влегуваат во реонот |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Пописен реон 1** | Берово | Берово<br>Пехчево |
| **Пописен реон 2** | Делчево | Делчево<br>Македонска Каменица |
| **Пописен реон 3** | Виница | Виница |
| **Пописен реон 4** | Крива Паланка | Крива Паланка<br>Ранковце |
| **Пописен реон 5** | Кратово | Кратово |
| **Пописен реон 6** | Пробиштип | Пробиштип |
| **Пописен реон 7** | Свети Николе | Свети Николе<br>Лозово |
| **Пописен реон 8** | Радовиш | Радовиш<br>Конче |
| **Пописен реон 9** | Неготино | Неготино<br>Демир Капија |
| **Пописен реон 10** | Гевгелија | Гевгелија<br>Богданци<br>Дојран |
| **Пописен реон 11** | Валандово | Валандово |
| **Пописен реон 12** | Кочани | Кочани<br>Зрновци<br>Чешиново - Облешево |
| **Пописен реон 13** | Струмица | Струмица<br>Василево |
| **Пописен реон 14** | Ново село | Босилово<br>Ново село |
| **Пописен реон 15** | Штип | Штип<br>Карбинци |
| **Пописен реон 16** | Кавадарци | Кавадарци<br>Росоман |
| **Пописен реон 17** | Велес | Велес<br>Градско<br>Чашка |
| **Пописен реон 18** | Прилеп | Прилеп |

| | | |
|---|---|---|
| | | Долнени<br>Кривогаштани |
| **Пописен реон 19** | Битола | Битола<br>Могила<br>Новаци |
| **Пописен реон 20** | Ресен | Ресен |
| **Пописен реон 21** | Охрид | Охрид<br>Дебарца |
| **Пописен реон 22** | Струга | Струга<br>Вевчани |
| **Пописен реон 23** | Дебар | Дебар<br>Центар Жупа |
| **Пописен реон 24** | Демир Хисар | Демир Хисар |
| **Пописен реон 25** | Крушево | Крушево |
| **Пописен реон 26** | Македонски Брод | Македонски Брод<br>Пласница |
| **Пописен реон 27** | Кичево | Кичево<br>Вранештица<br>Другово<br>Зајас<br>Осломеј |
| **Пописен реон 28** | Гостивар | Гостивар<br>Врапчиште<br>Маврово и Ростуше |
| **Пописен реон 29** | Тетово | Тетово<br>Боговиње |
| **Пописен реон 30** | Теарце | Теарце<br>Јегуновце |
| **Пописен реон 31** | Желино | Брвеница<br>Желино |
| **Пописен реон 32** | Аеродром | Аеродром |
| **Пописен реон 33** | Бутел | Бутел<br>Чучер Сандево |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| **Пописен реон 34** | Кисела Вода | Кисела Вода<br>Сопиште |
| **Пописен реон 35** | Чаир | Чаир |
| **Пописен реон 36** | Ѓорче Петров | Ѓорче Петров<br>Сарај |
| **Пописен реон 37** | Карпош | Карпош |
| **Пописен реон 38** | Центар | Центар |
| **Пописен реон 39** | Студеничани | Студеничани<br>Зелениково |
| **Пописен реон 40** | Шуто Оризари | Шуто Оризари |
| **Пописен реон 41** | Гази Баба | Гази Баба |
| **Пописен реон 42** | Илинден | Илинден<br>Арачиново<br>Петровец |

| | | |
|---|---|---|
| **Пописен реон 43** | Куманово | Куманово<br>Старо Нагоричане |
| **Пописен реон 44** | Липково | Липково |

Член 13

(1) За секој пописен реон се назначува по една комисија за пописниот реон.

(2) Државниот завод за статистика во соработка со единиците на локалната самоуправа каде што е седиштето на комисијата за соодветниот пописен реон треба да обезбедат работни простории на комисиите за пописните реони.

## IV. НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОПИСОТ И ПОПОПИСНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Член 14

(1) Пописот го организира и спроведува Државниот завод за статистика.

(2) Во спроведувањето на Пописот учествуваат и органите на државната управа наведени во членовите 16, 17, 18 и 20 во согласност со одредбите на овој закон.

Член 15

(1) Државниот завод за статистика се грижи за законитоста во подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот во согласност со овој закон и врши надзор над работата на лицата учесници во Пописот.

(2) Државниот завод за статистика ги извршува следниве активности:

- ги организира, координира и контролира подготвувањето и спроведувањето на Пописот;

- бара податоци од надлежните органи за вработените во државната, општинската и администрацијата на Градот Скопје, како и за јавната администрација и го именува составот на комисиите за пописните реони, реонските инструктори за пописни реони, реонските попишувачи кои се именуваат од редот на државната и јавната администрација и други лица учесници во Пописот во согласност со одредбите на овој закон,

- го пропишува начинот и поблиските услови за именување на претседател, негов заменик и членови на комисиите за пописните реони,

- го пропишува начинот и поблиските услови за именување на реонските инструктори и реонските попишувачи кои се именуваат од редот на државната и јавната администрација,

- го пропишува начинот и поблиските услови за избор и селекција на реонските инструктори и реонските попишувачи кои се избираат на јавен конкурс,

- навремено го известува населението за целите и задачите и други прашања во врска со Пописот;

- утврдува финансиски план за користење на обезбедените средства за Пописот;

- врши стручна обука на членовите на комисиите за пописните реони, реонските инструктори и попишувачи;

- обезбедува инструменти (обрасци, упатства и друго) за спроведување на Пописот и ги доставува до комисиите за пописните реони и другите надлежни органи за спроведување на Пописот;

- утврдува Програма за обработка и објавување на податоците од Пописот, со содржина на обработените и публикувани табели;

- врши прибирање и обработка на пописниот материјал;

- изготвува и објавува резултати од Пописот (првите и дефинитивните);

- поднесува извештај за Пописот до Собранието на Република Македонија во рок од шест месеци по спроведувањето на Пописот и објавувањето на првите резултати од Пописот и

- поднесува извештај за Пописот до Собранието на Република Македонија во рок од три месеци по објавувањето на дефинитивните резултати од Пописот;

(3) Директорот на Државниот завод за статистика

- пропишува Методологија за Пописот со дефиниции на единиците што се попишуваат и белезите за кои се прибираат податоци, во согласност со “Препораките на ООН за пописите на населението и домувањето во ЕЦЕ Регионот околу 2010 година”, по добиеното мислење од Советот за статистика на Република Македонија;

- по добиеното мислење од Советот за статистика на Република Македонија пропишува пописни обрасци во согласност со содржината утврдена во членовите 9, 10 и 11 на овој закон;

- пропишува класификации, упатства и други инструменти за организација, спроведување и обработка на Пописот;

- по добиеното мислење од Советот за статистика на Република Македонија пропишува Методологија за пописното истражување и спроведува пописно истражување на опфатот и квалитетот на податоците прибрани со Пописот;

- пропишува Упатство и инструменти за спроведување на пописното истражување;

- пропишува Правилник за формите, техниката и начинот на обезбедување на безбедност и заштита на личните податоци од Пописот;

- именува и разрешува државни инструктори;

- пропишува начин и поблиски услови за утврдување на надоместок за извршените работи на учесниците во Пописот;

- формира стручно тело - Биро за попис за извршување на стручните задачи на Државниот завод за статистика во реализацијата на Пописот ;и

- врши и други работи во согласност со одредбите на овој закон.

Член 16

(1) Агенцијата за катастар на недвижности како надлежна институција за водење на регистарот на просторни единици во соработка со Државниот завод за статистика во фазата на подготовката на Пописот е должна да ги ажурира границите на просторните единици во регистарот согласно со “Упатството за ревизија на границите на просторните единици за Пописот на населението, домаќинствата и становите 2011”,

(2) Покрај активностите од ставот (1) на овој член Агенцијата за катастар на недвижности во соработка со Државниот завод за статистика, изработува скици и описи на границите на пописните кругови во согласност со “Упатството за ревизија на границите на просторните единици за Пописот на населението, домаќинствата и становите 2011”, и ги доставува до Државниот завод за статистика, најдоцна до 30 октомври 2010 година.

Член 17

Министерството за одбрана го спроведува попишувањето на лицата кои во време на Пописот се наоѓаат на служба во Армијата на Република Македонија во земјата или во странство.

Член 18

Министерството за правда го спроведува попишувањето на лицата кои во време на Пописот се на издржување на мерка притвор или на издржување казна затвор во казнено - поправните установи или им е изречена мерка упатување во воспитно - поправните домови.

Член 19

(1) Органите на државната управа од членовите 17 и 18 на овој закон , во периодот од 1 до 15 март 2011 го спроведуваат попишувањето на лицата од овие членови, а пописниот материјал го доставуваат на адресите на домаќинствата на лицата, најдоцна седум дена пред започнувањето на Пописот.

(2) Директорот на Државниот завод за статистика, во согласност со министерот за одбрана и министерот за правда, донесува упатства за начинот на попишувањето на лицата наведени во членовите 17 и 18 на овој закон.

Член 20

(1) Министерството за надворешни работи во периодот од 1 март до 15 март 2011 го организира самопопишувањето на лицата на служба во дипломатско - конзуларните претставништва и најдоцна седум дена по спроведувањето на Пописот, пописниот материјал го доставува до Државниот завод за статистика .

(2) Директорот на Државниот завод за статистика во согласност со министерот за надворешни работи донесува Упатство за начинот на самопопишување на лицата наведени во став (1) на овој член.

Член 21

(1) Попописното истражување се спроведува на случајно избрани пописни кругови и општини.

(2) Попописното истражување од ставот (1) на овој член се врши на посебни обрасци.

(3) Формата и содржината на обрасците од ставот (2) на овој член ја пропишува директорот на Државниот завод за статистика.

(4) Со попописното истражување, ќе се опфати 1% од вкупното население на Република Македонија.

## V. СТРУЧНИ ТЕЛА И УЧЕСНИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОПИСОТ

Член 22

Во подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот и попописното истражување учествуваат:

- Советот за статистика на Република Македонија како стручно тело;
- комисиите за пописните реони како оперативно - техничко тело;
- државните инструктори;
- реонски инструктори;
- реонски попишувачи и
- други учесници во согласност со одредбите на овој закон.

Член 23

Советот за статистика на Република Македонија како стручно советодавно тело за државната статистика, согласно со Законот за државната статистика, дава предлози и сугестии при подготовката на инструментите и методолошките основи за Пописот и му дава мислење на директорот на Државниот завод за статистика за содржината на Методологијата за Пописот и пописните обрасци.

Член 24

Комисијата за пописен реон е оперативно - техничко тело кое ги врши следниве работи:

- учествува во координирањето на работата на учесниците во Пописот на подрачјето на пописниот реон;
- учествува во информирањето на населението за значењето на Пописот и за правата и должностите на граѓаните во Пописот;
- презема мерки за навремено опфаќање на единиците на Пописот;
- се грижи за правилна примена на методолошките и организационите упатства за Пописот;
- заедно со државните инструктори учествува во преземањето на пописниот материјал од попишувачите и реонските инструктори;
- заедно со државните инструктори учествува во сумирањето на резултатите од попишувањето за општините кои припаѓаат на пописниот реон; и

- врши и други работи и работни задачи во врска со Пописот, во согласност со Упатството за начинот на работењето на комисиите за пописните реони и овој закон.

Член 25

(1) Комисијта за пописен реон е составена од 7 до 13 члена, вклучувајќи го и претседателот.

(2) Претседателот, неговиот заменик и членовите на комисијата за пописниот реон, се именуваат од вработените во државната, општинската и администрацијата на Градот Скопје, како и од јавната администрација, со завршено високо образование, по случаен избор .

(3) Вкупниот број на членови на комисијата за пописниот реон од став 1 на овој член се утврдува во зависност од вкупното население во пописниот реон според Пописот на населението, домаќинствата и становите 2002 година.

(4) При именувањето на членовите на комисијата за пописниот реон се применува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

(5) Во комисијата за пописниот реон задолжително се именува по еден претставник од единицата на локалната самоуправа, која го сочинува пописниот реон и по еден стручњак од областа на геодетските работи или урбанизмот.

(6) Во согласност со ставовите (3), (4) и (5) од овој член вкупниот број на членови на комисиите за пописните реони ќе се утврди:

- за реони до 50.000 жители - до 7 члена;
- за реони од 50.001 до 100.000 жители - од 9 до 11 члена; и
- за реони од 100.001 до 150.000 жители - до 13 члена.

Член 26

(1) Државните инструктори ги именува Директорот на Државниот завод за статистика од редот на вработените во Државниот завод за статистика, водејќи сметка да бидат застапени и припадниците на заедниците.

(2) За секој пописен реон се назначуваат од два до четири државни инструктори.

(3) Државните инструктори ги вршат следниве работи:

- учествуваат во подготовките и спроведувањето на обуката на учесниците во Пописот;

- го организираат и координираат целокупниот процес на спроведувањето на Пописот во пописниот реон;

- даваат стручни толкувања на учесниците во Пописот за методолошките материјали и други инструменти во Пописот;

- ги пренесуваат ставовите на Државниот завод за статистика по определени прашања од Пописот и обезбедуваат запознавање на сите учесници во Пописот и нивна примена на теренот;

- редовно и непосредно го следат спроведувањето на Пописот;

- ја следат работата на комисијата за пописниот реон и даваат стручна помош во организацијата и спроведувањето на Пописот и непосредно укажуваат на неправилностите во работата на учесниците во Пописот,

- го преземаат пописниот материјал од реонските инструктори;

- вршат сумирање на резултатите од попишувањето и ги подготвуваат првите резултати во општините кои припаѓаат на пописниот реон, со учество на комисијата за пописниот реон

- го предаваат пописниот материјал до Државниот завод за статистика , заедно со комисијата за пописниот реон;

- секојдневно го информираат Државниот завод за статистика за подготовките, текот и спроведувањето на Пописот.

- вршат и други работи и работни задачи во врска со Пописот.

Член 27

(1) Половина од вкупниот број на реонски инструктори, утврден од страна на Државниот завод за статистика се именуваат од редот на вработените во државната, општинската и администрацијата на Градот Скопје, како и од јавната администрација, со завршено високо образование, по случаен избор, а другите се именуваат по спроведен јавен конкурс, ако ги исполнуваат следниве општи услови :

- да се државјани на Република Македонија;
- да се полнолетни,
- да имаат завршено високо образование; и
- да немаат засновано редовен работен однос.

(2) Половина од вкупниот број на реонските попишувачи, утврден од страна на Државниот завод за статистика се именуваат од вработените во државната, општинската и администрацијата на Градот Скопје, како и од јавната администрација, со најмалку завршено четиригодишно средно образование, по случаен избор, а останатите се именуваат по спроведен јавен конкурс, ако ги исполнуваат следниве општи услови :

- да се државјани на Република Македонија;
- да се полнолетни;
- да имаат завршено средно образование; и
- да немаат засновано редовен работен однос.

(3) При изборот на реонските инструктори и попишувачи се применува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници, водејќи сметка за стручноста и компетентноста.

(4) При изборот на реонските инструктори и попишувачите се води сметка за националната структура на населението што се попишува, неговата можност за комуникација со лицето кое се попишува и за познавањето на јазикот на кој зборува локалното население.

Член 28

(1) Реонските инструктори непосредно го следат попишувањето на населението што го вршат реонските попишувачи и ја координираат и организираат нивната работа во пописните кругови за кои се задолжени.

(2) Реонските инструктори работат во согласност со Упатството за работа и за својата работа, текот на попишувањето и другите активности во врска со Пописот, секојдневно ја информираат комисијата за пописниот реон и државниот инструктор, за пописните кругови за кои се задолжени.

(3) Реонскиот инструктор го контролира пописниот материјал на реонските попишувачи и учествува во сумирање на резултатите од попишувањето заедно со државниот инструктор и реонските попишувачи.

(4) Реонските инструктори и реонските попишувачи се должни да постапат според инструкциите што ќе ги добијат од државните инструктори, а доколку сметаат дека со тоа се отстапува од методолошките основи за спроведување на Пописот, за тоа го известуваат давателот на овластувањето од член 39 на овој закон.

Член 29

(1) Реонските попишувачи вршат непосредно попишување на теренот и се обврзани да ги пополнуваат пописните обрасци во согласност со добиеното упатство за реонските попишувачи.

(2) Стручна и техничка помош при извршувањето на Пописот на реонските попишувачи им даваат реонските инструктори, државните инструктори и комисијата за пописен реон.

Член 30

(1) За секој пописен круг се избираат по двајца реонски попишувачи, од кој еден реонски попишувач е избран од редот на вработените во државната, општинската и администрацијата на Градот Скопје, како и од јавната администрација и еден реонски попишувач е избран на јавен конкурс

(2) Еден од избраните реонски попишувачи е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, при што ќе се запази принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

Член 31

(1) Државниот завод за статистика најдоцна до 10 јануари 2011 година доставува барање до Агенцијата за државни службеници и надлежните органи за доставување на податоци за вработените во државната и општинската администрација, администрацијата на Градот Скопје, како и јавната администрација, систематизирани по општини според местото на живеење.

(2) Органите од ставот (1) на овој член податоците до Државниот завод за статистика ги доставуваат во рок од пет дена од денот на добиеното барање.

Член 32

Државниот завод за статистика во рок од 15 дена од денот на добивањето на податоците во согласност со членот 31 од овој закон и спроведениот јавен конкурс од член 27 став (1) и (2), ги формира комисиите за пописните реони и ги именува реонските инструктори и реонските попишувачи.

Член 33

(1) За членови на комисиите за пописните реони, реонските инструктори и реонските попишувачи од редот на вработените од државната и општинската администрација, администрацијата на Градот Скопје и јавната администрација, не можат да бидат именувани:

- лицата вработени во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Дирекција за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, и
- лицата вработени во јавната администрација во дејноста на образованието, науката и здравството.

(2) Лицето избрано за член на комисиите за пописните реони, реонските инструктори и реонски попишувачи од редот на вработените од државната и општинската администрација, администрацијата на Градот Скопје и јавната администрација, можат да не прифатат да ја извршуваат таа должност само поради здравствени или семејни причини, при што за неприфаќањето одлучува Државниот завод за статистика врз основа на приложена документација.

Член 34

(1) Во подготовките и спроведувањето на Пописот учествуваат и други лица за вршење на административно - технички и други работи, при што соодветно и правично се застапени припадниците на сите заедници, водејќи сметка за стручноста и компетентноста.

(2) Начинот на реализација на работите од став (1) на овој член, бројот на потребните лица, остварувањето на комуникација и соработка со комисиите за пописните реони со правилник го пропишува Државниот завод за статистика.

## VI. УПОТРЕБАТА НА ЈАЗИЦИТЕ ВО ПОПИСОТ

Член 35

(1) Попишувањето се спроведува на службен македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) Во случаите каде што попишувањето се спроведува на службен јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, образецот се пополнува на тој јазик и писмо и дополнително на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(3) Во случаите каде што попишувањето се спроведува на службен јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на единиците на локалната самоуправа каде се врши попишувањето (турски, влашки, ромски, српски и бошњачки јазик) образецот се пополнува на јазикот по избор на лицето кое се попишува и дополнително на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(4) Попишувачот е должен да ги информира лицата кои се попишуваат дека имаат право на слободно избирање на попишување на: службен македонски јазик и неговото кирилско писмо или на друг службен јазик и неговото писмо што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и на службен македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото кој исто така е службен, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на единиците на локалната самоуправа каде што се врши попишувањето .

(5) Обрасците се печатат на службен македонски јазик и неговото кирилско писмо, на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија и на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на единиците на локалната самоуправа каде што се врши попишувањето и на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

## VII. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОПИСОТ И АНГАЖИРАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Член 36

(1) Податоците од член 9 на овој закон се земаат непосредно од лицата на кои тие се однесуваат.

(2) Лицето опфатено со Пописот е должно на сите прашања во пописните обрасци да даде точни и целосни одговори и да ги презентира потребните документи во согласност со член 38 на овој закон.

(3) За отсутните членови на домаќинството, податоците ги дава полнолетен член на домаќинството кому податоците му се најмногу познати, а за децата до 15 години, еден од родителите, посвоителот или старателот, врз основа на документацијата за нив.

(4) Податоците од член 10 на овој закон ги дава носителот на домаќинството, а во негово отсуство ги дава полнолетен член на домаќинството, кому му се најмногу познати.

(5) Податоците од член 11 на овој закон ги дава лицето што го користи станот во моментот на Пописот.

(6) По извршеното попишување, попишувачите се должни пополнетите пописни обрасци да му ги дадат на увид на лицето што се попишува, односно на лицето што ги дало податоците.

(7) По исклучок од став (6) на овој член, ако лицето што е попишано, односно лицето што ги дало податоците е неписмено, увидот во пополнетите обрасци за него може да го оствари друг полнолетен член на домаќинството што тој ќе го овласти.

(8) По извршеното попишување, лицето што е попишано го потпишува пополнетиот образец П-1. За отсутните членови на домаќинството и за децата до 15 години, образецот П-1 го потпишува лицето што ги дало податоците.

(9) По извршеното попишување, двајцата попишувачи ги потпишуваат пополнетите пописни обрасци, образец П-1 и образец П-2.

Член 37

(1) Ако попишувачите во времето на Пописот не го затечат во станот лицето опфатено со Пописот, а податоците не може да ги приберат на начин предвиден во член 36 на овој закон, ќе оставaт писмено известување дека тоа лице е должно до 15 април 2011 година да се јави на реонскиот инструктор заради давање податоци во врска со Пописот.

(2) Доколку лицето не е во можност да постапи во согласност со став (1) на овој член, должно е да ја извести комисијата за пописниот реон.

(3) Државниот инструктор во соработка со комисијата за пописниот реон е должна да испрати попишувачи да го попишат лицето најдоцна до 20 април 2011 година.

Член 38

(1) Попишувачот, заради утврдување на точноста на податоците што треба да се внесат според членовите 9, 10 и 11 на овој закон, треба да побара од лицата опфатени со Пописот, а лицето што се попишува да ги презентира документите според следниот редослед:

1. За лицата кои со Пописот ќе се опфатат во согласност со член 6 точките 1, 3 и 4 на овој закон:

а) важечка лична карта издадена според Законот за лична карта на државјани на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 8/1995, 38/2002, 16/2004, 12/2005 и 19/2007);

б) важечка патна исправа издадена според Законот за патни исправи на државјани на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 67/1992, 20/2003, 46/2004, 19/2007 и 84/2008);

в) извод од матичната книга на родените за малолетни лица.

Документите од точката а) и точката б) меѓусебно се исклучуваат.

2. За лицата кои со Пописот ќе се опфатат во согласност со одредбите од член 6 точка 2, точка 5-а, 5-б и 5-в на овој закон:

- важечка патна исправа и други исправи за странец со одобрение за престој во Република Македонија (постојан или привремен ) издадена според Законот за странци (“Службен весник на Република Македонија” бр. 35/2006 66/2007 и 117/2008) и Законот за азил и привремена заштита (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2003, 66/2007, 142/2008 и 146/09).

(2) Државниот завод за статистика има право да ја провери веродостојноста на пописните податоци.

Член 39

(1) Директорот на Државниот завод за статистика на лицата што учествуваат во Пописот во својство на членови на комисиите на пописните региони, државните инструктори, реонските инструктори и попишувачите, за работа во Пописот им издава писмено овластување кое важи само со лична карта.

(2) Учесниците во Пописот од став (1) на овој член, при извршувањето на своите задачи во Пописот, се должни без претходно барање да го покажат издаденото овластување.

(3) Учесникот во Пописот кој не ги почитува Законот, Упатството и инструментите при извршување на Пописот, ќе биде разрешен од директорот на Државниот завод за статистика и овластувањето ќе му биде одземено .

(4) Предлог за разрешување на член на комисија за пописен реон, реонски инструктор и попишувач може да поднесе државниот инструктор и комисијата за пописниот реон.

## VIII. КОРИСТЕЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ

Член 40

Личните податоци прибрани со Пописот може да се користат:

- за цели утврдени со овој закон;
- за цели за кои во согласност со Законот за државната статистика може да се користат личните податоци; и
- за водење и ажурирање на статистички регистри што ги води Државниот завод за статистика.

Член 41

Индивидуалните податоци прибрани со Пописот не може да се користат за воспоставување, водење и ажурирање на административните регистри.

Член 42

(1) Попишаните лица задолжително се информираат за заштитата на личните податоци добиени со Пописот.

(2) Во сите пописни обрасци се наведува дека личните податоци што се прибираат со Пописот се доверливи и заштитени со закон.

Член 43

(1) Лицата кои се овластени да учествуваат во спроведувањето на Пописот како и вработените лица во Државниот завод за статистика се должни сите лични податоци кои ќе ги добијат за целите на Пописот да ги чуваат како доверливи податоци за време и по завршувањето на Пописот.

(2) Лицата од став (1) на овој член задолжително се информираат за обврската за чување на тајноста на податоците од Пописот.

Член 44

(1) За податоците од Пописот ќе се обезбедат соодветни мерки за заштита и сигурност од неовластено давање, користење и поврзување, како и уништување, губење или промена на податоците.

(2) Директорот на Државниот завод за статистика со правилник ќе ги пропише мерките и техниките за заштита на податоците од Пописот.

Член 45

Директорот на Државниот завод за статистика со правилник ќе го пропише начинот, поблиските услови и рокот на чување на податоците од Пописот по завршувањето на нивната обработка.

## IX. ОБРАБОТКА И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ

Член 46

Обработката и објавувањето на податоците од Пописот ја врши Државниот завод за статистика според утврдена програма и утврдена временска динамика.

Член 47

Резултатите од собраните податоци за пописни цели ќе бидат публикувани или подготвени за потребите на корисниците како збирни податоци, ако се преземени сите мерки за обезбедување дека попишаните лица не можат да се идентификуваат.

Член 48

(1) Во рок од 60 дена по завршувањето на Пописот, Државниот завод за статистика ги објавува првите резултати за вкупното население на Република Македонија од член 6 точките од 1 до 4 на овој закон, лицата попишани врз основа

на член 6 точките 5-а, 5-б и 5-в на овој закон и вкупен број на домаќинства и станови на лицата од член 6 точка 8 на овој закон.

(2) Конечните резултати од Пописот, Државниот завод за статистика ги објавува по завршувањето на нивната обработка, а најдоцна до јуни 2012 година.

Член 49

(1) Државниот завод за статистика, за потребите на корисниците на статистичките податоци, може да изготви збирни податоци и надвор од Програмата од член 46 од овој закон.

(2) Во случаите од став (1) на овој член, барателот на податоците е должен да ги надомести трошоците за дополнителните обработки во согласност со Решението за цените на публикуваните материјали што ги изготвува Државниот завод за статистика и трошоците за дополнителна обработка на податоци.

## X. ИНФОРМИРАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗНАЧЕЊЕТО НА ПОПИСОТ

Член 50

Државниот завод за статистика преку средствата за јавно информирање и други форми обезбедува целосно и навремено информирање на населението на Република Македонија за целите и задачите на Пописот, начинот и постапките на попишување како и правата и обврските на граѓаните при спроведувањето на Пописот.

## XI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОПИСОТ

Член 51

(1) Вкупно потребните средства на Државниот завод за статистика за организирање, подготовка и спроведување на Пописот ќе изнесуваат 850 милиони денари.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија, и тоа:

- за 2010 година во износ од 170 (милиони денари);
- за 2011 година во износ од 595 (милиони денари) и
- за 2012 година во износ од 85 (милиони денари).

Член 52

Директорот на Државниот завод за статистика ќе  поднесе Годишен извештај на Владата на Република Македонија за реализирањето на средствата од член 51 на овој закон.

## XII. КАЗНЕНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Повреда на Пописот

Член 53

Тој што како учесник во Пописот ќе издаде доверливи податоци од Пописот на трето лице или во својство на државен инструктор, реонски инструктор и попишувач, односно член на комисијата за пописен реон, нема да постапи во согласност со упатствата и инструментите при вршење на попишувањето и овој закон, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

### Спречување на Пописот

Член 54

(1) Тој што со употреба на сила, сериозна закана или на друг начин го оневозможува или го спречува спроведување на Пописот или ја оневозможува проверката на документи или го спречува утврдувањето или објавувањето на резултатите од Пописот, ќе се казни со затвор од најмалку три години.

(2) Тој што ќе го стори делото од став (1) со употреба на оружје, опасно орудие, експлозивни или други опасни направи, со примена на насилство спрема едно или повеќе лица или во организирана група, или на подрачјето на пописни региони, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

### Поткуп при Пописот

Член 55

(1) Тој што на учесник во Пописот му нуди, дава или му ветува подарок или друга лична корист, со намера да го придобие да го врши, да не го врши или како да го врши попишувањето, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(2) Со казната од став (1) ќе се казни и учесник во Пописот кој ќе бара за себе подарок или друга корист или ќе прими подарок или друга корист, за да го врши, да не го врши или како да го врши попишувањето.

**Уништување на пописни обрасци**

Член 56

(1) Тој што ќе уништи, прикрие, оштети, преправи или на друг начин ќе стори да бидат неупотребливи пописните обрасци што служат за Пописот,ќе се казни со затвор од најмалку три години.

(2) Ако делото од став (1) го стори учесник во Пописот или друго службено лице во вршењето на Пописот, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

Член 57

За кривичните дела од членовите 53 до 56 постапката е итна.

Член 58

Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице:

- ако одбие да ги даде податоците што се бараат од него за Пописот или ако даде неточни податоци (член 36 став 2)
- ако ја оневозможи проверката на документите (член 38 став 2)
- ако без оправдана причина одбие да учествува во Пописот во својство на попишувач, инструктор или во вршењето на други задачи и работни задачи во врска со Пописот (член 33 став 2).

Член 59

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд се спроведува постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 60

Во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се донесат подзаконските акти утврдени со овој закон.

Член 61

Обрасците за спроведување на Пописот ќе се пропишат и ќе се објават во "Службен весник на Република Македонија", во рок од два месеца од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 62

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Законот чие донесување се предлага е поделен во 13 глави со вкупно 62 члена со кои се уредува процедурата на проведувањето на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија во 2011 година. При уредувањето на процедурата за спроведување на оваа најмасовна статистичка операција се имаа во вид и документите од меѓународен карактер како што е Резолуцијата 2005/13 на Економскиот и Социјалниот Совет на ООН (ECOSOC) од 2005 година според кои се подготвени и Меѓународните препораки за пописите на населението кои ќе се спроведуваат во периодот околу 2010 година. Податоците од спроведениот попис во 2011 година, Република Македонија, според меѓународните документи е обврзана да ги достави и до определени меѓународни организации за да послужат за проучување на определени прашања од глобално значење за населението, околината и социјално – економскиот развој.

### Главата I – ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со пет члена се уредуваат основни прашања за Пописот, намената на податоците што ќе се добијат од него, се нагласува доверливоста на податоците добиени од пописот кои подлежат на заштита со одредби од овој и други закони кои се однесуваат на заштита на личните податоци.

Исто така, се определува фиксен термин за спроведување на пописот кој се предвидува да биде спроведен од 1-ви до 15-ти април 2011 година, контролата на пописното истражување кое ќе се спроведе од 16-ти до 22-ри април 2011 година, а со посебен член се дефинираат одделните поими кои имаат соодветно значење заради полесно и поедноставно спроведување на пописот и примена на овој закон.

### Глава II – ЕДИНИЦИ КОИ СЕ ОПФАЌААТ СО ПОПИСОТ

Во оваа глава се поместени 6 члена со кои на јасен и прецизен начин се определува опфатот на лицата што треба да бидат попишани со оваа статистичка операција, домаќинствата на лицата единици на пописот, колективните домаќинства; становите и другите населени простории освен

становите за кои постојат исклучоци. Имено, со Законот како исклучоци се определува што нема да биде опфатено со пописот и што нема да биде опфатено како станови со одредена намена и корисници.

**Глава III – ПОПИСНИ РЕОНИ**

Во оваа глава со два члена се определуваат вкупно 44 пописни реони и нивните седишта определени врз основа на бројот на населението во општините според пописот на населението, домаќинствата и становите од 2002 година и комуникациските врски меѓу општините. За секој пописен реон се предвидува да се назначи по една пописна комисија, а простории за работа треба да обезбеди Државниот завод за статистика во соработка со единиците на локалната самоуправа каде што се седиштата на комисиите за соодветниот пописен реон.

**Глава IV –НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОПИСОТ И ПОСТПОПИСНО ИСТРАЖУВАЊЕ**

Во оваа глава со осум члена се разработува надлежноста за организација и спроведување на пописот од страна на Државниот завод за статистика како надлежен орган за оваа статистичка операција со таксативно набележани активности. Во спроведувањето на пописот предвидено е да учествуваат и органите на државната управа, Агенцијата за катастар на недвижности како надлежна институција за водење на регистарот на просторните единици; Министерството за одбрана; Министерството за правда и Министерството за надворешни работи кои извршуваат надлежности во согласност со закон, а податоците со кои располагаат се од значење за целосен опфат за потребите на пописот.

**Глава V– СТРУЧНИ ТЕЛА И УЧЕСНИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОПИСОТ**

Со 11 члена се утврдуваат стручни тела и учесници во спроведувањето на пописот и во пописното истражување и тоа Советот за статистика на Република Македонија како стручно тело; комисиите за пописните реони како оперативно – техничко тело; државните инструктори; реонските инструктори; реонските попишувачи; и други учесници во пописниот процес. Во посебни членови од оваа глава определени се надлежностите на учесниците во пописниот процес, нивниот состав како и опфатот на органите од кои ќе бидат определувани учесниците во пописот, а има и одредени исклучоци на органи и области од кои не можат да бидат именувани членови на комисиите.

## Глава VI – УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ ВО ПОПИСОТ

Во оваа глава со еден член се уредува прашањето за употреба на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо како и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија за спроведување на пописот. Исто така, уредено е и прашањето за употреба на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во единиците на локалната самоуправа каде што се врши попишувањето. Во членот е утврдена и обврската на попишувачот да ги информира лицата кои се попишуваат дека имаат право да се определат на кој јазик ќе се врши нивното попишување.

## Глава VII – НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОПИСОТ И АНГАЖИРАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Во ова глава со четири члена е уредена постапката за начинот на непосредното спроведување на пописот односно начинот на кој се прибираат податоците од лицата кои се попишуваат. Со посебен член е определено дека за да се утврди идентитетот на лицето кое се попишува кои лични документи тоа лице треба да ги презентира на попишувачот. Исто така овој член определува кои лични документи треба да ги презентира лицето ако е странец и има постојан или привремен престој во Република Македонија.

## Глава VIII – КОРИСТЕЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ

Во шест члена од оваа глава изричито се определува за кои цели можат да се користат личните податоци прибрани со пописот како и заштитата на личните податоци, а истовремено се обврзуваат лицата учесници за спроведување на пописот да ги чуваат податоците како доверливи податоци, и тоа како за време така и по завршувањето на пописот.

**Глава IX – ОБРАБОТКА И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ**

Во четири члена од оваа глава се определува дека обработката и објавувањето на податоците од пописот го врши Државниот завод за статистика според утврдена програма и утврдена временска динамика. Исто така со членови од оваа глава се определува дека резултатите од собраните податоци за пописните цели ќе бидат публикувани во определен рок.

**Глава X – ИНФОРМИРАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗНАЧЕЊЕТО НА ПОПИСОТ**

Со еден член од оваа глава се создава обврска за Државниот завод за статистика да обезбеди целосно и навремено информирање на населението на Република Македонија за целите и задачите на пописот, начинот и постапките на попишување како и правата и обврските на граѓаните при спроведувањето на пописот.

**Глава XI- ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОПИСОТ**

Со два член од оваа глава за пописот како најмасовна статистичка операција се предвидува да бидат потрошени вкупно 850 милиони денари од кои во тековната 2010 година износ од 170 милиони денари, во годината во која се врши пописот износ од 595 милиони денари и за годината која следи по неа 85 милиони денари. Средствата за оваа статистичка операција се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. За реализација на средствата од Буџетот на

Република Македонија што ќе бидат потрошени за спроведување на пописот, директорот на Државниот завод за статистика има обврска да поднесе годишен извештај пред Владата на Република Македонија.

**Глава XII – КАЗНЕНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ**

Во оваа глава се содржани седум члена од кои со четири члена се определуваат кривични дела односно се опишуваат елементите на четири кривични дела поврзани со спроведувањето на пописот како и казната затвор за секое поодделно кривично дело. Исто така со еден член во оваа глава се определува дека за кривичните дела постапката е итна. Покрај кривичните дела во оваа глава со посебен член е определен и прекршок односно е утврдена глоба што може да се изрече на физичко лице ако го попречува самиот процес на прибирање на податоци при непосредното спроведување на пописот.

**Глава XIII – ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа глава содржи три члена. Со два члена се определува рокот во кој треба да се донесат подзаконските прописи утврдени со овој Закон, и на крај со членот 61 како последен член од Законот се определува неговото влегување во сила.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Решенијата кои се предлагаат произлегуваат од меѓународно прифатени стандарди кои секоја држава треба да ги исполни заради единствена обработка на статистички податоци.

Поради ова се земени во предвид Резолуцијата 2005/13 на Економскиот и Социјалниот Совет на ОН (ECOSOC) усвоена во јули 2005 година и меѓународните препораки за пописите на населението околу 2010 година.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување на предложениот Закон Република Македонија на Меѓународен план ќе ги исполни обврските од меѓународните акти донесени од надлежни тела и органи, а истовремено податоците што се добиени од пописот ќе преставуваат солидна основа за потребите на општеството во целина.